Ј.П."ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД

Тел/Факс: 00389/263-325 E-mail : ohridkom@t.mk
Жиро сметка: 530-0001000731-36 Дан.бр.: МК 4020989101655
Депонент: "Охридска Банка"-Охрид

Јавно претпријатие за комунална дејност "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр 02-255/4
24.02. 2017 год
Охрид

# ИЗВЕШТАЈ
## за остварените резултати од работењето на Ј.П."ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"-ОХРИД за периодот 01.01.2016 год. - 31.12.2016 год.



Охрид,
февруари 2017 год.

## I. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ

Ј.П."Охридски Комуналец"-Охрид е локално јавно претпријатие основано од страна на Општина Охрид, организирано за извршување на комунални дејности на територијата на Општина Охрид, чии широк спектар на активности се сублимираат во следниве основни дејности:

- Собирање,транспорт и депонирање на комунален отпад;

- Одржување на јавната чистота во градските и приградските населби;
- Одржување на градските паркови,зеленила,парк шуми;

- Одстранување и чување на непрописно паркирани возила, украсување на населени места и многу други активности од комуналната сфера;

Дејноста и активностите на Ј.П."Охридски Комуналец"- Охрид се регулирани и усогласени согласно законските и подзаконските акти и тоа: Законот за јавни претпријатија, Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпад, Закон за Јавна чистота и други законски прописи.

Модерен и чист град,чиста урбана средина, заштита на животната средина и намалување на трошоците се наша заложба.Со меѓусебна, транспарентна, јасна и отворена комуникација секојдневно градиме партнерски однос со граѓаните, а нивното задоволство и исполнувањето на нивните потреби за здрава и чиста околина, го потврдуваат успехот на нашето работење.

Во согласност со Програмата за работа за 2016 год.се определени и планирани начинот и динамиката на собирање на отпадот од домаќинствата и стопанските субјекти, начинот и динамиката на одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Охрид и приградските населби, одржувањето на јавното зеленило, организационо-техничката опременост и финансиски показатели.

При извршувањето на дејностите од јавен интерес јавното претпријатие ги почитува принципите на сигурност во давање на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга и заштита на корисниците.

Ј.П. "Охридски Комуналец"- Охрид преку разни средства се стреми за развивање на еколошката свест кај локалното население, со цел да им покаже на граѓаните и правните субјекти дека грижата за животната средина треба да добие карактер на економски стимул. Едукацијата на најмладата популација на нашиот град е важен сегмент во нашето работење , за намалување на количеството на отпад и зачувување на човековата околина.

## II. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Процесот на работа во јавното претпријатието е организирана на ниво на Сектори, одделенија и оддели, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на ЈП"Охридски Комуналец" бр.03-437/2 од 24.03.2016 усвоен со Одлука од Управен одбор бр. 02-437/3 од 24.03.2016 година. Во Секторите постојат облици на работно организирање во кои се обавува процесот на работа, а кои се во согласност со потребите и условите за работа.

Дејностите и работите во **ЈП "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД** се обавуваат во следните Сектори и одделенија:

*** СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**
- **Одделение за Услужна хигиена**
- **Одделение за Јавна хигиена**
- **Одделение за Депонија**

*** СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**
- **Одделение Расадник со Производство**
- **Одделение Паркови и Зеленило**

***СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА**
- **Одделение за Експлоатација на возен парк**
- **Одделение за Одржување на механизација и возила**

***СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**
- **Одделение за Сметководство**
- **Одделение за АОП**
- **Одделение за Наплата**
- **Одделение за Јавни набавки**

***СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ**
- **Одделение за Општи и правни работи**
- **Одделение за Човечки ресурси**

Според бројот, работниците на Ј.П"Охридски Комуналец" Охрид се распоредени по сектори како во следната табела:

| | Комунална Хигиена | | | Паркови и зеленило | Механизација | Финасиско работење | Општи и правни работи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јавна | Услужна | Депонија | | | | |
| Број на вработени | 48 | 49 | 3 | 37 | 49 | 47 | 28 |
| **Вкупно: 261 вработени** | | | | | | | |

Од вкупниот број вработени, 249 се на неопределено работно време, а 12 се на определено работно време.

## III. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ

Бројот, динамиката и распределбата на вработените во ЈП"Охридски Комуналец" Охрид за пресметковниот период од 01.01.2016 год. до 31.12.2016 год. прикажани се во табели.

Број на вработени по месеци

| Месец / год. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 262 | 262 | 262 | 263 | 263 | 262 | 263 | 260 | 262 | 263 | 262 | 261 |
| 2015 | 240 | 239 | 261 | 260 | 259 | 266 | 266 | 266 | 265 | 265 | 262 | 262 |

Бројот на вработени за пресметковниот период од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година во просек изнесува 262 вработени. Заклучно со месец декември 2016 година бројот на вработени изнесува 261**.** Од вкупниот број на вработени 12 работници се на определено работно време, а 249 работници се на неопределено време. Работниците кои беа пријавени на определено време склучуваа договор за работа на определено време за период од 30 дена, во зависност од потребата од работници во јавното претпријатие. Во табелата е внесен вкупниот број на вработени (и на определено и на неопределено време) заклучно со месец декември 2016. Сите вработувања беа во рамките на законските прописи односно работниците беа пријавувани врз основа на претходно добиена согласност од Градоначалникот на општина Охрид а потоа со посредство на Центарот за вработување, сето тоа во согласност со новиот Правилник за систематизација на работните места во ЈП "Охридски Комуналец"Охрид број 03-437/2 од 24.03.2016 година.

Број и распределба на вработените

| | **СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА** | | | | | | **СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | **СЕКТОР ЗА МЕХАНИ-ЗАЦИЈА** | | **СЕКТОР ЗА ФИН. РАБО-ТЕЊЕ** | | **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јавна | | Услуж на | | Депонија | | | | | | | | | |
| | н | о. | н. | о | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. |
| Директор | | | | | | | | | | | | | 1 | |
| Пом.дир.за оперативно-технички работи | | | | | | | | | 1 | | | | | |
| Раководители | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | 3 | | 5 | | 1 | |
| Предводници | 1 | | 1 | | | | 3 | | 4 | | | | | |
| Извршители | 43 | 3 | 45 | 2 | 2 | | 27 | 6 | 41 | | 42 | | 25 | 1 |
| **Вкупно: 261** | **45** | **3** | **47** | **2** | **3** | | **31** | **6** | **49** | | **47** | | **27** | **1** |

## IV. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Преку финансиските извештаи треба да се обезбедат информации за финансиската состојба и работење на претпријатието што пак ќе се користи за донесување на понатамошни правилни економски решенија.

Финансиските извештаи ги покажуваат резултатите на менаџерскиот тим и управувањето со доверените средства, односно финансиските извештаи обезбедуваат информации за средствата, капиталот, обврските, приходите и расходите вклучувајќи ја добивката или загубата на претпријатието.

Финансиските извештаи ги сочинуваат :

1. Биланс на успех
2. Биланс на состојба

Врз основа на добиените податоци од сметководствената евиденција прикажани се вкупните приходи по конта и структурата на расходите т. е. трошоците.

### Биланс на успех

Вредноста на вкупните приходи во износ од 119,495 (во илјада денари) се поголеми од вкупните расходи кои изнесуваат 117,554 (во илјада денари).

Добивката се јавува како разлика меѓу приходите од основни дејности зголемени за вредноста на приходите од други дејности и разликата на залихата на готови производи на почетокот на годината и залихата на готови производи на крајот на годината и расходите од основни дејности зголемени за вредноста на расходите од други дејности.

Оваа добивка е прикажана во табелата на Биланс на успех. Расходите од работењето во себе ги содржат трошоците за суровини и материјали, набавната вредност на продадени стоки, услуги со карактер на материјални трошоци, трошоци за вработените, плати и надоместоци на плата(нето), придонеси од задолжително социјално осигурување, вредносно усогласување на тековни средства и амортизацијата на материјалните и нематеријалните средства.

Споредбата на приходите и расходите во табелата на Билансот на успех е направена за 2016 и 2015 година. Секое зголемување или намалување на приходите и расходите искажано е преку индекс. Приходите од работењето во вредност од 119,238 (во илјада денари) во 2016 год. споредени со приходите од работењето од минатата 2015 год.се поголеми и имаат индекс од 105%.

Расходите од работењето во вредност од 114.199 (во илјада денари) за 2016 година споредени со расходите од работењето од минатата 2015 година се поголеми со индекс од 105%.

## IV.1 БИЛАНС НА УСПЕХ
## (Извештај за добивка или загуба за период од 01.01.до 31.12.2016)

| р. бр. | Вид на приходи или расходи | 2016<br>000 ден. | 2015<br>000 ден. | индекс<br>% |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **I.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **119.238** | **113.465** | **105** |
| 2 | Приходи од продажба | 119.238 | 113.465 | **105** |
| 3 | Останати приходи | | | |
| 4 | Залихи на гот.производи и на недовршено п-во на почеток на годината | 2.033 | 2.222 | **91** |
| 5 | Залихи на гот.производи и на недовршено п-во на крајот на годината | 1.818 | 2.003 | **91** |
| 6 | **II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **114.199** | **108.346** | **105** |
| 7 | Трошоци за суровини и други материјали | 20.072 | 19.526 | **103** |
| 8 | Набавна вредност на продадени стоки | | | |
| 9 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 7.467 | 8.848 | **84** |
| 10 | Останати трошоци од работењето | 2.672 | 3.075 | **87** |
| 11 | Трошоци за вработени | 66.721 | 66.565 | **100** |
| 12 | Плати и надоместоци на плата (нето) | 45.370 | 45.152 | **100** |
| 13 | Трошоци за даноци на плати и надомест на плата | 2.498 | 2.507 | **100** |
| 14 | Придонеси од задожително социјално осигурување | 17.790 | 17.686 | **101** |
| 15 | Останати трошоци за вработените | 1.062 | 1.220 | **87** |
| 16 | Амортизација на матер. и нематеријални средства | 1.581 | 1.642 | **96** |
| 17 | Вредносно усогласување на тековни средства | 6.953 | | |
| 18 | Останати расходи од работењето | 8.732 | 8.690 | **100** |
| 19 | **III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | **257** | **149** | **172** |
| 20 | Приходи по основ на камати од раб.со неповрзани друштва | 257 | 149 | **172** |
| 21 | Останати финансиски приходи | | | |
| 22 | **IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | **3.355** | **2.707** | **124** |
| 23 | Расходи по основ на камати од раб.со неповрзани друштва | 3.355 | 2.707 | **124** |
| 24 | Добивка од редовното работење | 1.940 | 2.342 | **83** |
| 25 | Добивка пред оданочување | 1.940 | 2.342 | **83** |
| 26 | Данок на добивка | 580 | 601 | **97** |
| 27 | Нето добивка за деловната година | 1.361 | 1.741 | **78** |
| 28 | Просечен број на вработени | 252 | 259 | **97** |
| 29 | Број на месеци на работење | 12 | 12 | **100** |
| 30 | Добивка на годината | 1.360 | 1.740 | **78** |
| 31 | Вкупна сеопфатна добивка на годината | 1.360 | 1.740 | **78** |

## IV.2 Биланс на состојба

Добивката за финансиската година е прикажана во Билансот на состојба.

Билансот на состојба е составен од две страни:
- Актива
- Пасива

Вкупната актива изнесува 97.177 (во илјада денари).

Во активата прикажани се средствата како:
- Нетековните средства
- Тековни средства

Нетековните средства во вредност од 19,646 (во илјада денари) ја сочинуваат материјалните средства во вредност од 19,418 (во илјада денари) и вложувањата во подружници во вредност од 228 (во илјада денари). Материјалните средства во 2016 год. споредени со истите во 2015 год. имаат индекс 89%, а финансиските вложувања во 2016 год. споредени со истите вложувања во 2015 год. покажуваат индекс 100%.

Тековните средства во вредност од 77,531 (во илјада денари) споредени со истите во 2015 год. покажуваат индекс на намалување од 99%. Тековните средства ги сочинуваат краткорочните побарувања во вредност од 60.015 (во илјада денари), залихите во вредност од 5.192 (во илјада денари) и паричните средства во вредност од 12,325 (во илјада денари).

Краткорочните побарувања за 2016 споредени со истите од 2015 година покажуваат индекс од 102 %, залихите во 2016 споредени со истите од 2015 година имаат индекс од 92% , додека паричните средства во 2016 година споредени со паричните средства во 2015 година покажуваат индекс од 93%.

Пасивата во табелата е прикажана преку:
- основна главнина (капитал)
- акумулирана добивка
- добивка за деловната година
- краткорочни обврски
- одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди

Основната главнина изнесува 10,109 (во илјада денари), акумулираната добивка изнесува 12,664 (во илјада денари), а споредена со истата во изминатата 2015 год. е помала со индекс од 95% .

Во краткорочните обврски влегуваат обврските спрема добавувачите, обврските за даноци и придонеси од плата, обврски кон вработените, тековни даночни обврски, обврски по заеми и кредити и останати обврски. Обврските во 2016 година изнесуваат 68,337 (во илјада денари) и во споредба со истите во 2015 година покажуваат намалување со индекс од 96%.

## IV.3 БИЛАНС НА СОСТОЈБА
### (Извештај за финансиската состојба)
### ден 31.12.2016 год.

| | 2016<br>000 ден. | 2015<br>000 ден. | индекс<br>% |
|---|---|---|---|
| **А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **19.646** | **22.157** | **89** |
| **I. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | **19.418** | **21.929** | **89** |
| - недвижности | 10.949 | 11.278 | **97** |
| - земјиште | 3.629 | 3.629 | **100** |
| - градежни објекти | 7.319 | 7.649 | **96** |
| - постројки и опрема | 2.506 | 4.687 | **53** |
| - транспортни средства | 5.833 | 5.833 | **100** |
| - алат, погонски и канцелариски материјал | 130 | 130 | **100** |
| **II. Долгорочни финансиски средства** | **228** | **228** | **100** |
| Вложувања во подружници | 228 | 228 | **100** |
| **Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **77.531** | **77.925** | **99** |
| **I. ЗАЛИХИ** | **5.192** | **5.667** | **92** |
| - залихи на суровини и материјали | 188 | 246 | **76** |
| - залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 3.187 | 3.418 | **93** |
| - залихи на недовршени производи и полупроизводи | 1.818 | 2.003 | **91** |
| **II. КРАТКОТОЧНИ ПОБАРУВАЊА** | **60.015** | **59.030** | **102** |
| - побарувања од купувачи | 59.983 | 55.204 | **109** |
| - побарувања за дадени аванси од добавувачи | | 1.071 | |
| - побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и др. | | | |
| - побарувања од вработените | 32 | 49 | **65** |
| - останати краткорочни побарувања | | 2.705 | |
| **III.Парични средства и парични еквива.** | **12.325** | **13.228** | **93** |
| Парични средства | 12.325 | 13.228 | **93** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **97.177** | **100.082** | **97** |
| **А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | **24.134** | **25.216** | **96** |
| **I. Основна главнина** | 10.109 | 10.109 | **100** |
| **II. Акумулирана добивка** | 12.664 | 13.366 | **95** |
| **III. Добивка за деловната година** | 1.360 | 1.741 | **78** |
| **Б. ОБВРСКИ** | **68.337** | **71.375** | **96** |
| **I. Краткорочни обврски** | 68.337 | 71.375 | **96** |
| - обврски спрема добавувачи | 51.549 | 50.432 | **102** |
| - обврски за даноци и придонеси од плата | 6.467 | 8.258 | **78** |
| - обврски кон вработените | 67 | 67 | **100** |
| - тековни даночни обврски | 2.786 | 2.391 | **117** |
| - обврски по заеми и кредити | 7.259 | 10.018 | **72** |
| - останати краткорочни обврски | 209 | 209 | **100** |
| **II. Одложено плаќање на т-ци и приходи на идните периоди (пвр)** | **4.706** | **3.491** | **135** |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **97.177** | **100.082** | **97** |

**Преглед на промени на капиталот и резервите за 2016 год.**

Промени на капиталот и резервите за 2016 година прикажани се во следната табела:

*000 ден.*

| Опис | Капитал | Промена на к-лот | Резерви | Револариз. Резерви | Акумулир. добивка | Загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 01.01.2016 год. | 10,109 | | | | 15,107 | | **25,216** |
| Распределба на добивка за 2016 год. | | | | | | | |
| Добивка за 2016 год. | | | | | 1,361 | | **1,361** |
| Останати промени на влијание на к-лот | | | | | (2443) | | **(2443)** |
| Состојба на . 31.12.2016 год | 10,109 | | | | 14,025 | | **24,134** |

## V. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

** ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид ги има изготвено своите финансиски извештаи врз основа на пресметковна основа (фактурирана реализација).*

**- Реализација**

Во табелата на вкупните приходи за 2016 год. приходите изнесуваат **119.494.736,00** денари или со индекс од 105% добиен како резултат на споредување на приходите од 2016 год. со вкупните приходи од 2015 год. Вредноста на вкупните приходите е добиена како резултат на зголемувањето или намалувањето на поединечните приходи поодделно во работните единици.

Во вкупната структура на приходи во 2016 година најголемо учество имаат *приходите од ѓубретарина од граѓани* по основ на подигање, транспорт и депонирање на комунален смет во вредност од 68.009.118,00 денари; *приходите од претпријатија* по основ на подигање, транспортирање и депонирање на смет од мали и големи правни лица - редовно и вонредно со вредност од 32.790.271,00 денари; *приходи од зеленило* со вредност од 9.780.395,00 денари по основ продажба на расаден материјал, хортикултурно уредување на дворови, паркови и сообраќајни клучки, кроење дрвореди по улици на град Охрид; *приходи од услуга со транспортно средство* со вредност од 6.508.796,00 денари како резултат на извршени услуги за подигање, транспорт и депонирање на ѓубре со контејнери, отпаден материјал и шут од територијата на Општина Охрид, расчистување диви депонии и плажи, ископ на речни корита, вонредно чистење на улици при изведување градежни работи, приходи по основ Оперативна програма и зимското одржување, приходи по основ подигање непрописно паркирани возила со специјално возило пајак; *приходи од камати* со вредност од 256.887,00 денари; *приходи од наемнина* со вредност од 225.272,00 денари; *други приходи* со вредност од 137.191,00 денари;

Анализирајќи ја споредбата на приходите за 2016 год. и 2015 год. се добиваат индекси кои покажуваат зголемување или намалување на поединечните или вкупните приходи во 2016 год. во однос на минатата 2015 год. Зголемување на поединечниот приход се јавува кај *Приходи од ѓубретарина од граѓани* со индекс од 101%, *Приходи од претпријатија* со индекс 101%, *Приходи од камати* со индекс од 175%, *Приходи од зеленило* со индекс 197%, *Приходи од јавна чистота* со индекс на зголемување од 321 %.

## ОСТВАРЕНИ ВКУПНИ ПРИХОДИ

| Вид на приход | 2015 год. | | 2016 год. | | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| | износ | струк тура | износ | струк тура | % |
| **1. ХИГИЕНА** | | | | | |
| Приходи од ѓубретарина од граѓани | 67.249.302,00 | 59 | 68.009.118,00 | 57 | 101 |
| Приходи од претпријатија | 32.622.489,00 | 29 | 32.790.271,00 | 27 | 101 |
| Приходи од средства од јавна чистота | 555.145,00 | 0,49 | 1.784.725,00 | 1,49 | 321 |
| **2. ПРИХОДИ ОД ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | |
| Приходи од зеленило | 4.962.520,00 | 4,36 | 9.780.395,00 | 8,10 | 197 |
| **3. МЕХАНИЗАЦИЈА** | | | | | |
| Приходи од услуги со транспортно средство | 7.449.998,00 | 7 | 6.508.796,00 | 5,4 | 87 |
| **4. ПРИХОДИ ОД НАЕМНИНА** | 409.402,00 | 0,36 | 225.272,00 | 0,10 | 55 |
| **5. КАПИТАЛ НА ДОБИВКА** | | | | | |
| **6. ПРИХОДИ ОД МИНАТИ ГОДИНИ** | 8.197,00 | 0,01 | 2.081,00 | 0,18 | 25 |
| **7. КАМАТИ** | 148.970,00 | 0,13 | 256.887,00 | 0,21 | 172 |
| **8. ДРУГИ ПРИХОДИ** | 208.187,00 | 0,18 | 137.191,00 | 0,11 | 66 |
| **9. РАЗЛИКА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ** | | | | | |
| **10. РАЗЛИКА ОД ДР.ОСТАНАТИ ФИНАНСИРАЊА** | | | | | |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **113.614.210,00** | **100** | **119.494.736,00** | **100** | **105** |

**Трошоци на реализација**

** Трошоци на реализација ги опфаќаат сите трошоци што се настанати во однос на фактурирана реализација.*

** Трошоците кои произлегуваат од комунални услуги се покриваат од услугите на пресметковниот период кога ќе настанат. Реконструкција и адаптација со која се менува капацитетот или намената на основните средства, се книжат односно искажуваат како зголемување на вредноста на основните средства.*

Вкупните расходи на Ј.П."Охридски Комуналец" во 2016 година изнесуваат **117.554.490,00** денари. Трошоците се поделени во материјални трошоци; нематеријални трошоци; плати и други трошоци.

-Во првата група на трошоци најголема ставка се *потрошените суровини и материјали* во вредност од 11.185.458,00 денари, а се однесуваат најмногу на фактури пристигнати од добавувачот "Ки-Ем"Дооел експорт-импорт за набавена индустриска сол, расаден материјал и супстрат од "Агројуником"Дооел Скопје, расаден материјал и дрвен декор од "Семенарна"Дооел Скопје, садници од "Пинус", набавка на пластични саксии и песок од Дооел "Нарми"- Охрид, обрасци за месечни сметки и фактури за правни и физички лица од "Копак 02", канцелариски материјал, регистратори И тонери од "Суперсоникс" Дооел Охрид. Во овие трошоци е вкалкулирана фактура за изработка на мермерна фонтана од правното лице "Вели-Јан"Охрид, потоа фактури за набавка на резервни делови од "Македо аутотрејд" Доо Скопје, "Еко-Клуб" "Хексагон" Доо, "Фене" Дооел, "Авто-декор", "Олимпик-МС", "Мега-Техника", "Технички гасови". Исто така во овие трошоци се пресметани фактура за испорака на метли од "Јано-пром"Дооел , фактури од Дооел "Номас", "Унипрес" Доо, "Венис Дооел", "Ела-мак", "Андрос фарм"и др.

Втора ставка по големина *се трошоците на енергија* во вредност од 8.030.932,00 денари, а најголем дел се однесуваат на пристигнати фактури од "Моби-Петрол"Дооел Охрид за потрошено гориво, мазут И масла за возилата на Ј.П."Охридски Комуналец" чија основна дејност е подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад, како и пристигнати фактури од А.Д."ЕСМ-ЕВН" за потрошена електрична енергија.

-*Услуги за одржување и заштита* книжени на конто 413 во вредност од 5.963.337,00 денари, а се однесуваат на пристигнати фактури за одржување и санација на депонија "Буково" од фирмата "Нефи" ИК Дооел Охрид; услуги за одржување на алат од "Фене", фактури пристигнати за сервис и одржување на моторни возила од "Ерка-Бмц 2007", "Циф" Дооел Охрид, "Евро-стил" Охрид, "Галеб"А.Д. Охрид, "Хексагон" Доо, Т.Д."Статор" Дооел Охрид, "Тахосервис" Дооел Охрид, "Аф-Тоти", З.З."Дојчин Т-Јунинг", услуги за одржување И заштита од "Инжинеринг Дас"(проект за јама за подземни контејнери), услуга од "Светлина и топлина"Дооел Охрид, услуги за одржување на софтвер од "Ентер" Доо, услуги за хигиена на возила од "БМС"Ерка 2007, услуги од ДПТУ "Ноче Дооел", "Проаква Струга", "Шевро Дооел".

- *Трошоците на амортизација* во вредност од 1.581.157,00 денари;

- *Трошоците за ситен инвентар* на конто 407 во вредност од 856.225,00 денари;

- *Останати услуги* книжени на конто 419 во вредност од 838.094,00 денари во кои влегуваат трошоците за услуги за регистрација на возила, вода и останати комунални услуги;

- *Трошоците за транспортни услуги* книжени на конто 411 во вредност од 484.797,00 денари по основ на телефонски услуги од "Оне", КТВ "Инфел" Доо и услуги од Пошта;

Од нематеријалните трошоци најголема ставка се однесува на:

- *Вредносно усогласување(обезвреднување)* на конто 4551 со износ од 6.953.059,00 ;

- *Останати расходи од работењето* на конто 469 со износ 3.868.246,00 денари, се однесуваат на издатоци за спорови, административни и судски такси ;

- *Расходи врз основа на директен отпис на побарувања* на конто 466 со износ од 3.792.305,00 денари;

- *Неотпишана вредност И дополнителни трошоци* на конто 4601 со износ од 1.057.970,00 денари;

- *Трошоци за надомест на Надзорен Одбор и Управен Одбор*, книжени на конто 442 во вредност од 877.721,00 денари се однесуваат на месечни надоместоци и персонални даноци на членовите на Надзорен и Управен Одбор;

- *Надомест на трошоците на вработените* евидентиран на конто 441 со износ од 784.090,00 денари кои ги сочинуваат трошоците за опремнина и технолошки вишок, трошоците за образование и трошоците за задолжителни систематски прегледи;

- *Банкарски услуги и трошоци за платниот промет* на конто 446 во вредност од 522.765,00 денари;

- *Адвокатски и нотарски услуги* со износ 501.288,00 денари;

- *Останати нематеријални трошоци* на конто 449 со износ од 390.693,00 денари кои ги сочинуваат интелектуалните услуги, огласите на веб-локации на Бирото за јавни набавки при Министерство за финансии, трошоци за книги и прирачници и стручна литература, трошоци за извршители, за вештачење, трошоци за Авторско правно биро на Р.М. за хостинг на веб-страница и др.;

- *Дневници за службени патувања во земјата и странство* кои изнесуваат 233.664,00 денари;

- *Трошоци* за *рекламирање и пропаганда* книжени на конто 417 со износ 204.551,00 денари, а се однесуваат на рекламирање, емисии, закуп на пакет услуги од "МХ-радио" Охрид, ЛТ"Трејд Охрид, "Нимо 07", ТВ Морис, "Денес Груп"Дооел, "Мх Бох", "Мегастар продукција";

- *Трошоци за договор на дело* со износ 155.841,00 денари;

- *Премии за осигурување* на конто 445 во износ од 153.741,00 денари;

-*Трошоци за репрезентација* книжени на конто 444 во вредност од 46.893,00 денари;

- *Останати трошоци за вработените* на конто 422 кои ги сочинуваат трошоците за опремнина и јубилејни награди со износ 44.025,00 денари;

- *Трошоци за присилна наплата* на конто 468 со износ 13.742,00 денари;

-Во износот од 65.658.960,00 денари на вкалкулирани плати книжени на конто 420 пресметани се нето плати за вработените во Ј.П."Охридски Комуналец";

-*Камата од работење* на конто 474 во износ од 3.354.936,00 денари се однесува на камати кон "Охридска банка" А.Д.;

Анализирајќи ја споредбата на расходите во 2016 год и 2015 год. се добиваат индекси кои покажуваат зголемување или намалување на поединечните или вкупните расходи во 2016 год. во однос на минатата 2015 год.

Намалување на поединечниот расход се јавува кај *Трошоци за ситен инвентар* со индекс 98%, *Трошоци за амортизација* со индекс 96%, *Трошоци* за *промоција, репрезентација* со индекс 93%, *Трошоци за надомест на Надзорен Одбор и Управен Одбор* со индекс 89%,*Трошоци на енергија* со индекс 88%, *Останати услуги* со индекс 85%*, Трошоци за адвокатски и нотарски услуги* со индекс 83%, *Останати расходи од работењето* со индекс 81%.

## ВКУПНИ РАСХОДИ
## СПОРЕДЕНИ СО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

| **Вид на трошок** | **2015 год.** | | **2016 год.** | | **Индекс 2016/2015** |
|---|---|---|---|---|---|
| | износ | струк тура | износ | струк тура | % |
| **1. МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 400-Потрошени суровини и матерјал. | 9.743.652,00 | 8.75 | 11.185.458,00 | 9.50 | 115 |
| 402-Трошоци за енергија | 9.131.509,00 | 8.20 | 8.030.932,00 | 6.80 | 88 |
| 407-Трошоци за ситен инвентар | 869.441,00 | 0.78 | 856.225,00 | 0.72 | 98 |
| 411 -Транспортни услуги | 474.220,00 | 0.42 | 484.797,00 | 0.40 | 102 |
| 413- Услуги за одржување и заштита | 7.134.426,00 | 6.42 | 5.963.337,00 | 5.08 | 84 |
| 419-Останати услуги | 986.619,00 | 0.80 | 838.094,00 | 0.71 | 85 |
| 430-Амортизација | 1.642.593,00 | 1.47 | 1.581.157,00 | 1.34 | 96 |
| **2. НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 440-Дневници службени патувања и патни трошоци | 144.240,00 | 0.10 | 233.664,00 | 0.19 | 162 |
| 441- Надомест трошоци на вработени | 746.323,00 | 0.60 | 784.090,00 | 0.66 | 105 |
| 444-Трошоци за репрезентација, промоција | 76.013,00 | 0.01 | 46.893,00 | 0.03 | 62 |
| 4170-Рекламирање и пропаганда | 253.226,00 | 0.20 | 204.551,00 | 0.17 | 81 |
| 445-Премии за осигурување | 94.021,00 | 0.08 | 153.741,00 | 0.12 | 164 |
| 442-Трошоци за надомест УО и НО | 980.797,00 | 0.80 | 877.721,00 | 0.74 | 89 |
| 446-Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 494.107,00 | 0.40 | 522.765,00 | 0.44 | 106 |
| 449-Останати нематеријални трош. | 768.238,00 | 0.60 | 390.693,00 | 0.33 | 51 |
| 44901-Трошоци за договор на дело | 58.247,00 | 0.05 | 155.841,00 | 0.13 | 268 |
| 44905-Адвокатски и нотарски услуги | 603.289,00 | 0.50 | 501.288,00 | 0.42 | 83 |
| 4601-Неотпишана вредност И дополн. | | | 1.057.970,00 | 0.90 | |
| 4551-Вредносно усогласување(обезв) | | | 6.953.059,00 | 5.94 | |
| 466-Расход врз основ директен отпис | 3.858.330,00 | 3.40 | 3.792.305,00 | 3.20 | 98 |
| 448- Присилна наплата | 53.582,00 | 0.04 | 13.742,00 | 0.01 | 26 |
| 469-Останати расходи од работењето | 4.777.780,00 | 4.30 | 3.868.246,00 | 3.20 | 81 |
| **3. ПЛАТИ** | | | | | |
| 420-Плата и надоместоци на плата | 65.345.062,00 | 60 | 65.658.960,00 | 56 | 100 |
| 422-Трошоци за отпремнина и јубилејни награди | 329.515,00 | 0.2 | 44.025,00 | 0.03 | 13 |
| **4. ДРУГО** | | | | | |
| 474-Камати од работењето | 2.706.836,00 | 2.43 | 3.354.936,00 | 2.80 | 124 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **111.272.067,00** | **100** | **117.554.490,00** | **100** | **106** |

## Амортизација на материјалните и нематеријални средства

* Амортизацијата на материјални и нематеријални средства се пресметува по стапки не пониски од со закон пропишани стапки кои се одредени така што набавната или ревалоризираната вредност на материјалните и нематеријалните средства да се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употребата на истите.

* Набавката на материјалните и нематеријални средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чинат фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

### *Состојба на основните средства*

*во 000 ден.*

| | **Земјиште** | **Градежни објекти** | **Постројки и опрема** |
|---|---|---|---|
| Набавна вредност | 3,629 | 13,179 | 62,964 |
| Исправка на вредноста | | 5,859 | 54,495 |
| Сегашна вредност | 3,629 | 7,320 | 8,469 |
| Процент на истрошеност | | 44% | 86% |

- Градежното земјиште во билансот на состојба се искажува по проценетата пазарна вредност, која одговара на висината на надоместокот утврдена согласно по прописите за експропријација, а земјоделското земјиште, во висина на основицата за наплата на данокот на промет за соодветно земјиште, утврдена согласно прописите за данок на промет на земјиште.

Земјиштето, градежните објекти, недвижностите,постројките и опремата се состојат од следново:

*во 000 ден.*

| 2016 | Земјиште | Градежни објекти | Постројки и опрема | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | |
| Салдо на 01.Јануари 2016<br>Зголемување<br>Намалување | 3,629 | 13,179 | 64,239<br>128<br>(1,403) | **81,047**<br>**128**<br>**(1,403)** |
| Состојба на 31.12.2016 г. | 3,629 | 13,179 | 62,964 | **79,772** |
| **Исправка на вредноста** | | | | |
| Салдо на 01.Јануари 2016<br>Амортизација<br>Намалување | | 5,530<br>329 | 53,588<br>1,252<br>(345) | **59,118**<br>**1,581**<br>**(345)** |
| Состојба 31.12.2016 год. | | 5,859 | 54,495 | **60,354** |
| **Нето сметководствена вредност на 31.12.2016 г.** | 3,629 | 7,320 | 8,469 | **19,418** |
| **Нето сметководствена вредност на 01.01.2016 г.** | 3,629 | 7,649 | 10,651 | **21,929** |

Како материјалните и нематеријалните долгорочни средства се сметаат средствата со кои располага Ј.П."Охридски Комуналец", а кои служат за вршење на негова дејност чиј век на траење е подолг од една година, а поединечната набавна цена е поголема од 300 Евра.

Пропишани и применети годишни стапки на амортизација се следни:

| ***Опис*** | **2016** |
|---|---|
| Градежни објекти | 2,5% |
| Компјутери | 25% |
| Опрема | 20% - 5% |
| Моторни возила | 25% |

Материјалните и нематеријални средства поделени се во групи, односно подгрупи по кои се врши пресметка на амортизацијата до нивниот потполн отпис.

## Извештај на паричните текови за 2016 година

**ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ**

**000 ден.**

| | |
|---|---|
| **I. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ** | |
| Нето добивка (добивка по оданочување) | 1360 |
| Амортизација | 1581 |
| Расходи од отпис на побарувања | (6711) |
| Побарување по основ на продажба | (4778) |
| Други останати побарувања | 2732 |
| Залихи | 473 |
| Обврски спрема добавувачи | 1117 |
| Намалување данок на добивка | 21 |
| Намалување на обврски по кредити | 2859 |
| Намалување на останати краткорочни обврски | 1474 |
| ***Нето парични текови од оперативни активности*** | |
| | |
| **II. Парични текови од вложувачки активности** | |
| Набавка на опрема | (128) |
| ***Нето парични текови од вложувачки активности*** | |
| | |
| **III. Парични текови од финансиски активности** | |
| | |
| **Нето намалување на паричните средства** | (903) |
| **Парични средства на почеток на годината** | 13.228 |
| **Парични средства на крај на годината** | **12.325** |

## Парични средства и хартии од вредност

Парични средства на ден 31.12.2016 год. прикажани се на следнава табела:

*во 000 ден.*

| **Парични средства** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|
| Парични средства на денарска сметка | 13,228 | 12,324 |
| Парични средства на денарски благајни | - | - |
| Парични средства на девизна сметка | - | - |
| **Вкупно:** | **13,228** | **12,324** |

## Побарување од купувачи

Побарувањето од купувачи во износ од 59,982 (во илјада денари) се однесува на побарувања по основ на извршени услуги:

*000 ден.*

| ***Побарување по основ на продажба*** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|
| Побарување од купувачи во земјата | 55,204 | 66,935 |
| Вредносно усогласување на побарување од купувачи | | (6,953) |
| **Вкупно:** | **55,204** | **59,982** |

## Други краткорочни побарувања

Другите краткорочни побарувања во 2016 година изнесуваат 32(во илјада денари):

*000 ден.*

| ***Други краткорочни побарувања*** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|
| Други краткорочни побарување | 2,754 | 32 |
| **Вкупно:** | **2,754** | **32** |

## Залихи

Залихите се вреднуваат според пониската од набавната и нето реализациона вредност. Набавната вредност на залихите се состои од набавна цена, увозна царина, неповратни даноци, трошоци за превоз кои настанале во врска со набавката.

Нето реализационата вредност вредност претставува проценета продажна вредност во редовниот тек на работење намалена за трошоците за продажба.

*000 ден.*

| ***Залихи*** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|
| Суровини и материјали на залиха | 3,361 | 3,040 |
| Ситен инвентар | 1,570 | 1,603 |
| Производство | 2,003 | 1,818 |
| Исправка на вредноста на Ситниот инвентар | (1,268) | (1,268) |
| Состојба на 31 Декември | 5,666 | 5,193 |

## Краткорочни обврски спрема добавувачи

Краткорочните обврски спрема добавувачите се состојат од следново:

*во 000 ден.*

| Обврски спрема добавувачи во земјата | 2015 | 2016 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи | 50.432 | 51.549 |
| Вкупно | 50.432 | 51.549 |

Краткорочни обврски во износ од 8,693 (во илјада денари) се однесуваат на обврски по данок на додадена вредност, обврски за неисплатени плати и придонеси, плати и останати краткорочни обврски. Овие краткорочни обврски се состојат од следното:

*во 000 ден.*

| Краткорочни обврски | 2015 | 2016 |
|---|---|---|
| Обврски за ДДВ | (285) | 21 |
| Нето плати | 5,236 | 4,824 |
| Даноци од плати | 418 | 194 |
| Придонеси од плати | 2,577 | 1,449 |
| Останати краткорочни обврски | 2,191 | 2,205 |
| Вкупно | 10,164 | 8,693 |

Краткорочните обврски од финансирање се однесуваат на добиени кредити од А.Д."Охридска Банка" по договори за краткорочни кредити со Одлука на Управниот одбор и Одлука на Основачот - Советот на Општина Охрид.

*во 000 ден.*

| Краткорочни обврски од финансирање | 2015 | 2016 |
|---|---|---|
| Кредити | 10,018 | 7.259 |
| Состојба на 31.Декември | 10.018 | 7.259 |

Споредбени показатели со планот за 2016 година

| Извор на приход | Планирани 2016 г. | Остварени 2016 г. | Индекс оств/план |
|---|---|---|---|
| | во 000 денари | во 000 денари | % |
| **1. ХИГИЕНА** | | | |
| Приходи од ѓубретарина од граѓани | 55.000 | 55.263 | 100 |
| Приходи од претпријатија | 25.000 | 32.790 | 131 |
| Приходи од средства од јавна чистота | 16.000 | 18.175 | 113 |
| Вонредни приходи од јавна хигиена | 800 | 450 | 56 |
| **2. ПРИХОДИ ОД ЗЕЛЕНИЛО** | | | |
| Приходи од зеленило-(граѓани и правни лица) | 1.000 | 310 | 31 |
| Приходи од јавно зеленило | 8.000 | 5.445 | 68 |
| **3. МЕХАНИЗАЦИЈА** | | | |
| Приходи од услуги со транспортно средство | 7.000 | 3.849 | 55 |
| Приходи од комунални услуги | 1.500 | 1.701 | 113 |
| Приходи од непрописно паркирање | 500 | 516 | 103 |
| Приходи од депонирање шут | 300 | 377 | 125 |
| Приходи од фекалии | | | |
| **4. ПРИХОДИ ОД НАЕМНИНА** | 1.000 | 225 | 22 |
| **5. ПРИХОДИ ОД КАМАТИ** | 400 | 257 | 64 |
| **6. ДРУГИ ПРИХОДИ** | 300 | 137 | 46 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **116.800** | **119.495** | **102** |

Споредбени показатели со планот за 2016 година

| Вид на трошок | Планирани 2016 г. во 000 денари | Остварени 2016 г. во 000 денари | Индекс оств/план % |
|---|---|---|---|
| **1. МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | |
| 400 Трошоци на материјали | 11.000 | 11.185 | 102 |
| 403 Трошоци на енергија | 12.000 | 8.031 | 67 |
| 410 Транспортни услуги | 2.000 | 485 | 24 |
| 413 Услуги за одржување и заштита | 5.000 | 5.963 | 119 |
| 419 Останати услуги | 2.000 | 838 | 42 |
| 430 Амортизација | 2.000 | 1.581 | 79 |
| **2. НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | |
| 440 Дневници за службени патувања | 200 | 234 | 117 |
| 441 Надоместок на вработени | 1.200 | 784 | 65 |
| 442 Трошоци за управен/надзорен | 1.500 | 878 | 58 |
| 444 Репрезентација и спонзорство | 100 | 70 | 70 |
| 445 Осигурување | 500 | 154 | 31 |
| 446 Банкарски услуги | 500 | 523 | 105 |
| 449 Други нематеријални трошоци | 2.500 | 391 | 16 |
| 469 Останати расходи од работењето | 3.000 | 3.868 | 129 |
| **3. ПЛАТИ** | | | |
| 420 Вкалкулирани плати | 68.000 | 65.659 | 96 |
| **4. КАМАТИ** | | | |
| 474- Камати | 500 | 3.354 | 671 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **112.000** | **103.998** | **93** |

**Табела Остварени приходи 2012-2013-2014-2015 год.**

| Остварени приходи 2013-2014-2015-2016 год. | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на приход** | **2013 год.** | **2014 год.** | **2015 год.** | **2016 год.** | **Индекс 2014/ 2013** | **Индекс 2015/ 2014** | **Индекс 2016/ 2015** |
| **1.ХИГИЕНА** | | | | | | | |
| Приходи од ѓубретарина од граѓани | 65.570 | 66.524 | 67.249 | 68.009 | 101 | 101 | 101 |
| Приходи од претпријатија | 33.489 | 32.054 | 32.622 | 32.790 | 96 | 102 | 101 |
| Приходи од средства од јавна чистота | 617 | 583 | 555 | 1.785 | 94 | 95 | 321 |
| **2. ПРИХОДИ ОД ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | | | |
| Приходи од зеленило | 1.043 | 2.109 | 4.962 | 9.780 | 202 | 235 | 197 |
| **3.МЕХАНИЗАЦИЈА** | | | | | | | |
| Приходи од услуги со транспортно средство | 5.371 | 6.194 | 7.450 | 6509 | 115 | 120 | 87 |
| **4. ПРИХОДИ ОД НАЕМНИНА** | 1.018 | 1.069 | 409 | 225 | 105 | 38 | 55 |
| **5. ПРИХОДИ ОД МИНАТИ ГОДИНИ** | | 16 | 8 | 2 | | 50 | 25 |
| **6. КАМАТИ** | 165 | 1.861 | 149 | 257 | 1127 | 8 | 172 |
| **7. ДРУГИ ПРИХОДИ** | 326 | 176 | 208 | 137 | 54 | 118 | 66 |
| **8. ВИШОК НА МАТЕРИЈАЛИ ФИНАНСИРАЊА** | | | | | | | |
| **9. ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ОСТАНАТИ ФИНАНСИРАЊА** | | | | | | | |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **107.599** | **110.586** | **113.614** | **119.495** | **103** | **103** | **105** |

## Остварени расходи 2013-2014-2015-2016 год.

| Вид на трошок | 2013 год. | 2014 год. | 2015 год. | 2016 год. | Индекс 2014/ 2013 | Индекс 2015/ 2014 | Индекс 2016/ 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | | | |
| 400 -Трошоци на материјали | 10.690 | 11.015 | 9.744 | 11.185 | 103 | 88 | 115 |
| 403 - Трошоци на енергија | 11.480 | 10.442 | 9.132 | 8.031 | 91 | 87 | 88 |
| 407 - Трошоци за автогуми | 1.554 | 1.287 | 869 | 856 | 83 | 67 | 98 |
| 410 - Транспортни услуги | 538 | 501 | 474 | 485 | 93 | 95 | 102 |
| 413 - Услуги за одржување и заштита | 4.554 | 5.920 | 7.134 | 5.963 | 130 | 121 | 84 |
| 419 -Останати услуги | 608 | 1.391 | 987 | 838 | 229 | 70 | 85 |
| 430-Амортизација | 1.826 | 1.764 | 1.642 | 1.581 | 97 | 93 | 96 |
| **2. НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | | | |
| 440 - Дневници за службени патувања | 183 | 119 | 144 | 234 | 65 | 121 | 162 |
| 441 - Надоместок на вработени | 1.085 | 736 | 746 | 784 | 67 | 101 | 105 |
| 443- Трошоци за спонзорства во земја | 52 | 53 | | | 101 | | |
| 444 -Трошоци за репрезентација и промоција | 214 | 73 | 76 | 46 | 34 | 103 | 62 |
| 4170- Рекламирање и пропаганда | 671 | 178 | 253 | 204 | 26 | 142 | 81 |
| 445- Премии за осигурување | 229 | 151 | 94 | 154 | 66 | 62 | 164 |
| 442- Трошоци за надомест УО и НО | 1.238 | 1.035 | 981 | 878 | 84 | 95 | 89 |
| 446 Банкарски услуги | 357 | 395 | 494 | 523 | 111 | 125 | 106 |
| 449 Други нематеријални трошоци | 914 | 1.007 | 768 | 391 | 110 | 76 | 51 |
| 44901- трошоци за договор на дело | 598 | 229 | 58 | 156 | 38 | 25 | 268 |
| 44905- Адвокатскии и нотарски услуги | 921 | 1.760 | 603 | 501 | 191 | 34 | 83 |
| 466- Расход врз основа на директен отпис на побарувања | | 1.270 | 3.858 | 3.792 | | 304 | 98 |
| 469- Останати расходи од работење(прис.наплата) | 2.475 | 2.239 | 4.831 | 3.881 | 90 | 213 | 80 |
| 452-Кусоци | | 2 | | | | | |
| **3. ПЛАТИ** | | | | | | | |
| 420-Вкалкулирани плати | 62.552 | 63.841 | 65.345 | 65.659 | 102 | 102 | 100 |
| 422-Трошоци за опремнина и јубилејни награди | 239 | 142 | 329 | 44 | 59 | 233 | 13 |
| **4. ДРУГО** | | | | | | | |
| 474-Камата од работењето со поврзани субјекти | 3.824 | 4.081 | 2.707 | 3.355 | 107 | 66 | 124 |
| 702- Набавна вредност | | | | | | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **107.599** | **110.586** | **111.272** | **117.554** | **103** | **101** | **106** |

## VI. РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА НАПЛАТАТА ПО ОСНОВ НА УСЛУГАТА-ПОДИГАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА И МАЛИ ПРАВНИ ЛИЦА

Сметките за физички лица, како и фактурите за мали правни лица се изготвуваат и дистрибуираат до корисниците во рамките на активностите и задолженијата на вработените во "Наплатна Служба".

Во 2016 година до граѓаните на територијата на Општина Охрид се доставени 301.594 сметки за физички лица со вкупна вредност од 72.265 (во илјади денари) по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на отпад. Во прегледот поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени сметки, нивното задолжение и вкупна наплата во даден месец.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**
**ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ЗА 2016 год.**

| *месец* | *задолжение* | | *вкупна наплата во месец* | | *процент* |
|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. сметки* | *вредност (во 000ден.)* | *бр. сметки* | *вредност (во 000ден).* | *%* |
| I | 24.982 | 5.958 | 17.493 | 4.261 | 72 |
| II | 24.974 | 5.969 | 17.976 | 4.465 | 75 |
| III | 25.019 | 5.975 | 17.613 | 4.367 | 73 |
| IV | 25.046 | 6.005 | 18.763 | 4.507 | 75 |
| V | 25.073 | 5.992 | 19.038 | 4.580 | 76 |
| VI | 25.084 | 6.008 | 21.963 | 5.193 | 86 |
| VII | 25.165 | 6.054 | 32.662 | 7.524 | 124 |
| VIII | 25.202 | 6.109 | 34.084 | 7.884 | 129 |
| IX | 25.222 | 6.055 | 21.575 | 5.235 | 86 |
| X | 25.239 | 6.041 | 19.466 | 4.821 | 80 |
| XI | 25.291 | 6.053 | 17.565 | 4.362 | 72 |
| XII | 25.297 | 6.047 | 19.229 | 4.830 | 80 |
| **Вкупно:** | **301.594** | **72.265** | **257.427** | **62.029** | **86** |

Вкупниот број на наплатени сметки изнесува 257.427, а вкупната вредност од наплата на сметки по основ на подигање, транспортирање и депонирање на отпад изнесува 62.029 (во илјади денари), односно со индекс 86% од вкупното задолжение, во кое е влезена и наплата на заостанат долг. Најголема наплата на сметки е остварена во месец Август 2016 во вредност од 7.884 (во илјади денари).

До малите правни лица кои својата дејност ја обавуваат на територијата на Општина Охрид, по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на отпад, доставени се 23.753 фактури, а вкупното задолжение изнесува 26.697 (во илјада денари). Во прегледот подолу поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени фактури, нивното задолжение и вкупна месечна наплата.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**
**ЗА МАЛИ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА 2016 год.**

| *месец* | *задолжение* | | *вкупна наплата во месец* | | *процент* |
|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. фактури* | *вредност (во 000ден.)* | *бр. фактури* | *вредност (во 000ден).* | *%* |
| I | 1.906 | 1.872 | 1.211 | 1.164 | 62 |
| II | 1.889 | 1.865 | 1.241 | 1.160 | 62 |
| III | 1.890 | 1.857 | 1.669 | 1.630 | 87 |
| IV | 1.890 | 1.893 | 1.344 | 1.495 | 79 |
| V | 1.987 | 2.329 | 1.419 | 1.775 | 76 |
| VI | 2.030 | 2.413 | 1.414 | 1.741 | 72 |
| VII | 2.109 | 2.763 | 1.776 | 2.655 | 96 |
| VIII | 2.107 | 2.732 | 2.106 | 2.853 | 104 |
| IX | 2.078 | 2.559 | 1.859 | 2.233 | 87 |
| X | 2.012 | 2.417 | 1.630 | 2.063 | 85 |
| XI | 1.944 | 2.046 | 1.374 | 1.547 | 76 |
| XII | 1.911 | 1.951 | 1.586 | 1.741 | 89 |
| **Вкупно:** | **23.753** | **26.697** | **18.629** | **22.057** | **83** |

Вкупниот број на наплатени фактури изнесува 18.629, а вкупната вредност од наплата на фактури по основ на подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад изнесува 22.057 илјада денари, односно со индекс од 83% од вкупното задолжение, во кое е влезена и наплата на заостанат долг. Најголема наплата е остварена во месец Август 2016 во вредност од 2.853 (во илјада денари) .

## VII. РЕДОВНИ И ВОНРЕДНИ АКТИВНОСТИ

Ј.П."Охридски Комуналец" своите активности ги извршува врз основа на Програмата за работа за 2016 година усвоена од Советот на општина Охрид во која беа испланирани сите активности поврзани со Јавна хигиена, Услужна хигиена, Јавно зеленило и многу други активности кои се наведени во делот Основање и дејност.

Покрај редовните активности јавното претпријатие спроведуваше и низа вонредни активности кои се од јавен интерес на територијата на општина Охрид. Овие активности се прилагодени на инфраструктурните поставки на градот, потребите на корисниците на услугите, концентрацијата на населението и степенот на развиеност на екокултурата, и секако потребите на Охрид како туристички центар.

Одржувањето на јавната чистота подразбира организирано и континуирано чистење, миење, метење, расчистување на т.н. диви депонии од градежен шут и отпад од јавно прометни површини, празнење на корпите за отпадоци од јавно прометните површини.

Во делот на јавна хигиена се работеше со зголемен интензитет на одржување на јавната чистота. Вонредно се чистеа појасите околу магистрални патишта и плажи кои не се дадени под концесија, активности кои не се во наша надлежност, но во интерес на граѓаните и туризмот, се превзедоа акции за подигање на степенот на хигиена на повисоко ниво. Градскиот кеј и пристаниште во повеќе наврати се чистеа од наноси од отпад кои на површина ги исфрлаа езерските води. Во делот од услужна хигиена динамиката на подигнување отпад се зголеми во периферните реони каде отпадот се подигаше еднаш неделно, сега се подига два пати неделно, додека во централните делови подигнувањето е секојдневно. Во летниот период се работеше со максимална ангажираност на возилата во три смени, а поради одржувањето на низа манифестации во летниот период речиси секојдневно вондредно се подигаше отпадот.

Одржување на Јавното зеленило и хортикултурно средување на Охрид во 2016 година се одвиваше со реализација на нови парковски површини, хортикултурно уредување на кружните токови, реализација на проектот "Охрид-град на цвеќето 2016 год." во рамките на кој се поделени 300 жардињери со сезонско цвеќе. Во 2016 год. Ј.П. "Охридски Комуналец" беше присутен и ги потпомагаше сите еко-акции кои се одржуваа во градинките, училиштата и на целата територија на градот Охрид, а организиравме и потпомагавме и хуманитарни акции.

### Р.Е."Комунална Хигиена"

- **Одделение "Јавна Хигиена"**

Планот за редовно-тековно одржување на јавната хигиена го спроведува одделението "Јавна Хигиена", а се однесува на годишното одржување на улиците и тротоарите на територијата на Општина Охрид. Динамиката на одржување на чистотата на јавните и сообраќајните површини е одредена со Програмата за работа за 2016 год. која се изготвува согласно Одлуката за комунален ред.

За побрзо интервенирање на улиците и поголема ефикасност во работата Одделението "Јавна Хигиена" е поделено на пет пунктови и тоа: пункт "Плоштад", "Стар град", "Даљан", "Механизација" и "Нова Автобуска".

Извршителите на овие пунктови делуваат на околните улици согласно програмата за категоризација на улиците донесена од Советот на Општина Охрид, поделени во четири категории. Во прва категорија се улиците кои се метат секој ден и прскаат секој ден во текот на летниот период, во втора категорија влегуваат улиците кои се метат секој втор ден неделно, трета категорија два пати неделно и четврта категорија еднаш неделно.

Во текот на 2016 год. се работеше со пет дежурни метачи, освен во летниот период кога заради зголемениот обем на работа ангажирани беа 10 метачи кои вршеа празнење на корпи и корекција на улици поделени по групи и реони со посебен акцент на централното градско подрачје и потегот на улиците "Цар Самоил", "Коста Абраш" и "Кеј Маршал Тито", "Димитар Влахов", "Партизанска", "Македонски Просветители" и "Булевар Туристичка".

Рачното метење беше надополнето со секојдневно машинско метење. Во текот на целата година со Програмата за работа за 2016 се вршеше рачно метење и чистење на приградските населби Подмоље, Горно и Долно Лакочереј, Орман, Косел, Лескоец и Велгошти , а во летниот период секојдневно се одржуваше јавната хигиена во крајбрежните населби и тоа: Св.Стефан, Лагадин, Пештани, Трпејца, Љубаништа.

Согласно Програмата за работа за вонредни активности ова одделение изврши и украсување на градот со знамиња за државните и верските празници како и чистење и уредување на градот .

Во месец Јануари 2016 година е извршено метење на улиците од прва категорија и тоа 31 ден, од втора категорија 15 денови, од трета категорија 8 и четврта категорија 4 денови.

Во месец Февруари 2016 година извршено е метење на улиците од прва категорија 28 дена, од втора категорија 15 денови, трета категорија 8 денови и четврта категорија 4 денови.

Во месец Март 2016 година извршено е метење на улиците од прва категорија и тоа 31 ден, од втора категорија 15 денови, трета категорија 8 денови и четврта категорија 4 денови.

Во периодот од 01.Јануари- 30.Јуни 2016 год. се работеше со пет дежурни метачи и тоа:

-Двајца работници од 11.00 часот до 17.00 часот кои вршат празнење на корпи и корекција на улици во централното градско подрачје;

-Еден работник од 13.00 часот до 19.00 часот кој го опфаќа потегот на улиците "Македонски Просветители", "Партизанска", "Булевар Туристичка" (од Охридска банка до Мини -маркет) и "Јане Сандански"(од Мини-маркет до Кеј "Маршал Тито");

-Двајца работници од 17.00 часот до 23.00 часот го опфаќаат Централното градско подрачје, Стар град, чаршијата, околните улици и градскиот кеј;

Според Програмата за работа за 2016 година за вонредни активности, Одделението "Јавна Хигиена" реализира дополнителни активности . На почетокот од оваа година изврши украсување на градот со знамиња за државните и верските празници, како и чистење и уредување на градот . На ден 01. Јануари 2016 год. се изврши чистење на градскиот плоштад по повод дочекот на Новата година. Во месец Јануари 2016 година беа ангажирани 36 работници за чистење на мал снег и беа фрлени 2м3 индустриска сол;

Во деновите 17.01.2016 год. и 21.01.2016 год. за празникот Богојавление Водици беа активно и максимално ангажирани сите работници од одделението "Јавна Хигиена" кои одговорија на барањата и потребите на градот за украсување, средување, а потоа и расчистување на сметот на градското пристаниште после завршување на настанот. Се постави мала бина пред Охридската капетанија, 20 тезги за потребите на организаторите, се поставија 30 заштитни огради од МВР, се отстранија и подигнаа чамците од месноста Сараиште, се изврши косење, метење и средување на целиот простор. По завршувањето на манифестацијата се превзедоа активности за расчистување на просторот, демонтажа на поставената бина , т.е. враќање на истиот во предходната состојба.

Во месец Февруари 2016 год. екипите на Јавна хигиена темелно ги расчистуваа локациите каде се одбележуваше манифестацијата"Прличеви беседи 2016". На почетокот на овој месец се изврши расчистување на наносите од муљ кај Холандски парк при што се подигнаа 20м3 отпад, вонредно се чистеше крајбрежниот појас од градското пристаниште до хотел Милениум поради големото невреме. Во овој период се расчистуваа јавните површини и плажата во Пештани, се расчистуваше патот на потегот од "Булевар Туристичка" до с. Орман.

Во деновите 22.02.и 24.02 по налог на комуналната инспекција се расчистуваше дива депонија кај населба Бараки. Се чистеше патот од с.Косел до с.Ливоишта.

Во месец Март 2016 година се реализираа низа вонредни активности по налог на комуналната инспекција , се чистеа диви депонии кај месноста Петља , околу просторот кај "Климентов конак" и покрај улицата "Марко Цепенков". Поради завршување на обврската за зимско одржување на Ј.П."Македонија пат", се изврши генерално чистење И отстранување на абразивните средства од улиците "Железничка" И "15-ти Корпус".

Во месец Април 2016 год. се отпочна со миење на улиците согласно категориите.

Се изврши чистење на плажата Грашница, како и по течението на сливот во Охридското Езеро;

Во периодот од 26.04 - 02.05.2016 год. се изврши чистење и одржување на јавна хигиена во и околу црквите и се изврши украсување на градот со знамиња, по повод празникот Велигден;

На ден 24.04.2016 по протокол од Градоначалник на Општина Охрид , се изврши генерално чистење во кругот на училиштето "Христо Узунов", споменикот во Градскиот парк и спомен куќата на Христо Узунов;

Екипите на "Јавна хигиена" после невремето проследено со силен ветар И бранови извршија расчистување на кејот од пристаништето до хотел Милениум при што беа подигнати 5 трактори на комунален отпад .
На потегот од Лагадин до кампот Елешец се чистеше комунален отпад исфрлен од несовесни граѓани и донесен од езерото .

Во месец Мај 2016 одделението "Јавна хигиена" работеше на расчистување на патот за с.Орман на потегот од "Булевар Туристичка", во селото се до излезот према с.Лакочереј со косење и чистење на израснатата трева која ја попречуваше прегледноста во сообраќајот. Во текот на овој месец беа средувани и чистени с. Велгошти, с.Лескоец, с.Косел, с.Горно и Долно Лакочереј и Подмолје. Исто така беа опфатени делови од стариот дел на градот како патеките низ шумата кои водат од тврдината спрема Плаошник, Лабино и спрема Канео.
Во периодот од 01.Јули - 30.Септември 2016 година се пристапи кон интензивно миење на улиците согласно Програмата за работа за 2016 година и категориите по улици. Посебно внимание се даде на оние објекти кои се во изградба, односно кои предходно имаат склучено договори за вонредно чистење.
Одделението "Јавна Хигиена" изврши украсување на градот со знамиња по повод државните и верски празници.

Во текот на овој период се работеше со десет дежурни метачи и тоа:

-Четири метачи во периодот од 11.00 часот до 17.00 часот кои вршеа празнење на корпи и корекција на улици во централното градско подрачје и двајца метачи во периодот од 17.00 часот до 23.00 часот.

-Еден метач во периодот од 16.00 часот до 22.00 часот кој го опфаќа потегот на улиците "Македонски Просветители", "Димитар Влахов" и "Партизанска". Рачното метење е надополнето со машинско метење.

-Еден метач во периодот од 16.00 часот до 22.00 часот кој го опфаќа потегот "Булевар Туристичка" ( од Градски пазар до Билјанини извори).

Како посебна задача на Одделението за јавна хигиена беше косењето на улиците, односно тротоарите на "Стар Град", "Кошишта", населба "Далјан", "Гоце Делчев", "Шар Планина", "Никола Петров Русински", "Ариф Мустафа", " "Сатеска", "Аџи Мустафа"," Васил Стефоски", "Крум Точков", "15-Корпус", "Кленоец", "Стив Наумов", "Крали Марко", "Абас Емин" ,"Дејан Војвода", "Охридска Бригада", "Марко Несторoски", "Кузман Шапкарев","Васил Главинов",населба "Ѓорче Петров" и селата Велгошти, Лескоец, Вапила, Косел Сирула, Ливоишта, Горно и Долно Лакочереј, Орман и Подмоље.

Покрај редовните задачи и активности предвидени во Програмата за работа, во текот на овој период се извршија и низа вонредни активности.

Се средуваа и чистеа дрворедите од трева. Во месеците јули, август и септември по налог на комуналната инспекција се вршеше интензивно чистење на водата од езерото на потегот од Градското пристаниште до хотелот Милениум поради големата количина расцветани и скапани алги. Чистењето се изврши рачно. За таа цел беше ангажирано специјалното возило фекалка со кое алгата беше транспортирана на депонијата Буково. За полесен пристап беше ангажирано и лице кое со чамец вршеше чистење на алгите во подлабокиот дел од езерото.

Во текот на овој период одделението "Јавна Хигиена" спроведе низа вонредни активности во врска со одржувањето на фестивалите:

"Канео- фест", "Балкански фестивал", "Охридско лето" и "Охридски трубадури".

-Во периодот од 01.Јули до 15.Септември 2016 се чистеа плажите кои не се издадени под концесија и тоа "Грашница"(на потегот од хотел Мизо до Лабино), Сараиште, потегот од градско пристаниште до хотел Милениум, од Лагадин до автокамп Елешец, Пештани и Трпејца, како и сите населби кои се наоѓаат на охридската ривиера.

-Во периодот од 06.07-11.07.2016 се чистеше и одржуваше хигиената на "Долни Сарај" поради одржување на Балкански Фестивал;

-Во деновите од 09.07-20.07.2016 се чистеа и се одржуваше јавната хигиена на локациите и пристапните патишта каде се одржуваше фестивалот "Охридско Лето";

-Од 02.08.2015 до 14.08.2016 се чистеа пристапните патишта и СРЦ "Билјанини Извори" по завршувањето на концертите;

- По барање на јавното претпријатие "Билјанини Извори"се изврши косење, миење и чистење на паркингот на полигонот за мали спортови;

-Во периодот од 06-08.08.2016 год. се уредуваше и чистеше во село Велгошти до црквата "Света Петка"и во Стар Град околу црквата "Свети Климент Охридски"-Плаошник;

-На 09.08.2016 год. се чистеше Антички театар и се одржуваше хигиената во континуитет поради доделување на дипломи на матурантите;

Се изврши чистење на граничниците и испустите за вода од трева на "Булевар Туристичка";

-Редовно се одржуваше хигиената за време на одржување на фестивалот на сирењето и виното; одржување на јавната хигиена поради одржување на фестивалот "Охридски трубадури";

- На 27.08.2016 чистење и косење во О.У."Св.Климент Охридски" Далјан;

Во месец Септември 2016год. ангажирани беа 5 работници со специјален алат за детално чистење на чаршијата, миење со цистерна и средство за дезинфекција;

- На 01.09.2016 се изврши чистење во и околу основните и средните училишта;

- На 04.09.2016 се одржуваше хигиената кај Спомен паркот на загинатите во бродската несреќа;

- На 06.09.2016 се одржуваше хигиената кај Спомен паркот на паднатите борци;

Во месец Октомври се изврши багеровање на наноси од муљ во близина на Холандскиот парк и пред хотел Палас, поради нискиот водостој на Охридското Езеро;

- На 01.10.2016 учество на Ј.П. "Охридски Комуналец" во акцијата за "Почиста Македонија"се чистеше магистралниот пат од Петља до Подмоље;

- На 09,10.10.2016 се чистеше кај Спомен паркот на револуцијата, поставување на државни знамиња по повод празникот 11-Октомври;

- На 22.10.2016 се украсуваше градот со државни знамиња по повод денот на Македонската револуција;

- Во деновите 04,06.11.2016 год. се изврши чистење, косење и метење на дворот пред Основен суд, Спомен парк на револуцијата и Споменикот на Јасна Ристеска.

- Чистење на потег од градското пристаниште до хотел Милениум се реализира на ден 23.11.2016 год. , поради големи количини на разновиден отпад;

- Во месец Декември се чистеше улица "Железничка", од наноси од песок земја и ниска вегетација; се поставија пунктови со индустриска сол во Стар Град; 6 дена се чистеше магистралниот пат Охрид-Подмоље И Охрид-Св.Наум;

- На ден 24.12.2016 год.по налог на комуналната инспекција се чистеше речното корито на реката Грашница на потегот од улица "15-ти Корпус" до ул."Железничка";

- На ден 31.12.2016 се поставија државни знамиња поради новогодишните и божиќните празници.

- **Одделение "Услужна хигиена"**

Како дел од Р.Е."Комунална хигиена", работи "Услужна хигиена" чија функција е собирање, подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на територијата на општина Охрид и приградските населби, како и одржување на депонија "Буково" и депонија за градежен шут "Мауцхер".

Услужната хигиена се одржува на подрачјето на град Охрид, викенд- населбите и селата Лагадин, Елешец, нас.Исток, Пештани, Трпејца, Љубаништа, Долно Лакочереј, Горно Лакочереј, Рача, Коњско, Косел, Ливоишта, Вапила, Опеница, Куратица, Велгошти, Лескоец, Елшани, Орман и Рамне и национален парк Галичица.

Во текот на 2016 год. реализацијата на секојдневните активности околу одржувањето на услужната хигиена се одвиваше врз основа на Програмата за работа за 2016 год. Собирањето на отпадот кај индивидуалните станбени објекти се вршеше во садови за отпад, додека кај колективните станбени објекти во контејнери од 1,1м3. Отпадот од правните субјекти, училиштата, детските градинки и сезонските угостителски објекти се вршеше во контејнери од 1,1м3.

Подигањето на отпадот се спроведуваше седум дена во неделата во две смени, додека во текот на летната туристичка сезона (во периодот 01.06.2016 год. до 01.09.2016 год.) заради зголемениот обем на работа, во централното градско подрачје отпадот се подигаше три пати дневно, со максимална ангажираност на возниот парк. Во екот на туристичката сезона, кога бројот на корисници на нашите услуги е двојно поголем, покрај редовното работење во прва смена, во втора смена активностите се извршуваа со три возила, додека во трета смена беа ангажирани две возила. Во оперативната 2016 год. со голема успешност функционираа двата прес контејнери кои се поставени на две најфреквентни локации во градот: во населба "Христо Узунов" и ул."Богомилска". Прес-контејнерите наидоа на одлична прифатеност од страна на граѓаните од овие населби зошто црните точки каде континуирано се создаваа мини-депонии се веќе минато.

Во 2016 год. се чистеа речните корита и канали од секаков вид отпад, како и околните села.

Поради одржувањето на низа спортски, културни и верски манифестации, екипите на "Услужна хигиена" спроведоа голем број

активности за вонредно подигање на отпадот, а поврзани со одржувањето на културните манифестации "Балкански фестивал" и" Охридско лето", Во летниот период секојдневно вонредно се подигаше отпадот од угостителските објекти заради туристичката посетеност.

Во составот на „Услужна хигиена" во 2016 год. се вршеше селектирање на хартија и ПЕТ амбалажа.

За функционирање на оваа единица се користат 16 контејнери за ПЕТ амбалажа кои се поставени во централното градско подрачје и 40 корпи од мрежа за собирање на хартија.

Во 2016 година собирањето на оваа секундарна суровина се вршеше по следната динамика: хартија и ПЕТ амбалажа се подигаше два пати на ден и тоа наутро и навечер, едно возило собира хартија од сите пунктови низ градот каде има поставено контејнери за таа намена и наутро одговара на сите повици за поголеми количини на хартија и ПЕТ амбалажа од претпријатија. Организирано е подигање на хартија, пластика И лименки на тој начин што имаме поставено по еден контејнер за истите во училиштата во Охрид и приградските населби , како би ги вклучиле и учениците во оваа активност.

Во текот на 2016 година беа собрани и предадени 91318 кг. хартија . Динамиката на подигање на отпадот на територијата на Општина Охрид во 2016 год. беше следна:

## ДИНАМИКА НА ПОДИГАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

**секојдневно подигање на комуналниот отпад**

| ***р.бр.*** | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| 1 | " Булевар Туристичка " | 2.448 |
| 2 | "Македонски Просветители" | 210 |
| 3 | "Коста Абраш" | 57 |
| 4 | "Партизанска" | 727 |
| 5 | "Самоилова" | 77 |
| 6 | "Кеј Македонија" | 235 |
| 7 | станбен комплекс "Расадник" | 386 |
| 8 | станбен комплекс "Христо Узунов" | 887 |
| 9 | "Галичица" | 392 |
| 10 | "7-ми Ноември" | 397 |
| 11 | "Никола Карев" | 373 |
| 12 | "Питу Гули" | 286 |
| 13 | Градски Пазар | 8 контејнери 1,1$m^3$ |
| 14 | паркинг "Ривиера" | 8 контејнери 1,1$m^3$ |
| 15 | паркинг "Стара автобуска станица" | 6 контејери 1,1$m^3$ |
| 16 | "АСНОМ" | 10 контејнери 1,1$m^3$ |

## Стар Град - во вторник и петок:

| *р.бр.* | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| 1. | "Климентов Универзитет" | 120 |
| 2. | "Христо Узунов" | 20 |
| 3. | "Аргир Маринчев" | 22 |
| 4. | "11-ти Октомври" | 25 |
| 5. | " Бранко Шотра" | 25 |
| 6. | "Нада Филева" | 38 |
| 7. | "Андон Дуков" | 41 |
| 8. | "Вардар" | 22 |
| 9. | "Методи Патчев" дел | 30 |
| 10. | "Боро Шаин" дел | 34 |
| 11. | "Димче Маленко" | 8 |

## Стар Град - во понеделник и четврток:

| *р.бр.* | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| 1. | "Кузман Капидан" | 79 |
| 2. | "Браќа Миладинови" | 36 |
| 3. | "Кочо Рацин" | 54 |
| 4. | "Григор Прличев" | 42 |
| 5. | " Илинденска" | 68 |
| 6. | "Петар Чаулев" | 53 |
| 7. | "Рашанец" | 15 |
| 8. | "Методи Патчев" дел | 30 |
| 9. | "Боро Шаин" дел | 34 |
| 10. | "Охридска Архиепископија" | 25 |

## во понеделник и четврток:

| *р.бр.* | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| 1 | "Караорман" | 18 |
| 2 | "Јабланица" | 62 |
| 3 | "Димитар Влахов" | 458 |
| 4 | "Абас Емин" | 424 |
| 5 | "8.ми Март" | 47 |
| 6 | "Крали Марко" | 180 |
| 7 | "Гоце Делчев" | 453 |
| 8 | "Сатеска" | 384 |
| 9 | "Крум Точко" | 190 |
| 10 | "Махмут Рифат" | 25 |
| 11 | "Бистрица" | 142 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | "Шар Планина" | 155 |
| 13 | "Васил Стефоски" | 204 |
| 14 | "Аџи Мустафа" | 85 |
| 15 | "Охридска Бригада" | 108 |
| 16 | "Пирин Планина" | 67 |
| 17 | "Петар Поп Арсов" | 71 |
| 18 | "Егејска" | 200 |
| 19 | "Миќо Гилиќ" | 37 |
| 20 | "Трајче Трајчески" | 42 |
| 21 | "Ариф Мустафа" | 176 |
| 22 | "Мирка Гинова" | 30 |
| 23 | "Никола Петров Русински" | 33 |
| 24 | "Пере Тошев" | 177 |
| 25 | Нас.Даљан | 480 |
| 26 | "Ѓорѓи Сугаре" | 14 |
| 27 | "Александар Турунџев" | 77 |
| 28 | "Беќир Али Риза" | 181 |
| 29 | "Живко Чинго" | 139 |
| 30. | "Кирил и Методиј" | 92 |

## во вторник и петок:

| ***р.бр.*** | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| *1* | "Железничка" со краците | 183 |
| *2* | "Будва" | 82 |
| *3* | "Винковачка" | 96 |
| *4* | "Кленоец" | 136 |
| *5* | "Веле Марков" | 36 |
| *6* | "Српница" | 34 |
| *7* | "Петрино" | 88 |
| *8* | "Даме Груев" - дел | 446 |
| *9* | "15-ти Корпус" | 121 |
| *10* | "Радојца Новичиќ" | 275 |
| *11* | "Прилепска" | 78 |
| *12* | "28-ми Април" | 72 |
| *13* | "Ристо Чадо" | 257 |
| *14* | "6.та Бригада" | 46 |
| *15* | "130" | 119 |

## во среда и сабота:

| *р.бр.* | **име на улица** | **број корисници** |
|---|---|---|
| 1 | "Питу Гули" | 286 |
| 2 | "Деан Војвода" | 436 |
| 3 | "Стив Наумов" | 192 |
| 4 | "Кеј Македонија" (рефус) | 235 |
| 5 | "Ванчо Николески" | 102 |
| 6 | "Којдан Чернодрински" | 14 |
| 7 | "Страшо Пинџур" | 32 |
| 8 | "Серафим Китаноски" | 6 |
| 9 | "Марко Нестороски" | 258 |
| 10 | "Васил Главинов" | 72 |
| 11 | "Крсте Мисирков" | 34 |
| 12 | "Богомилска" | 460 |
| 13 | "Кузман Шапкарев" | 28 |
| 14 | "Марко Цепенков" | 324 |
| 15 | "Александар Гушо" | 51 |
| 16 | "1-ва Македонска Ударна Бригада" | 137 |
| 17 | "1-ви Мај" | 58 |
| 18 | "Момчило Јорданоски" | 469 |
| 19 | "Трајче Дојчиноски" | 28 |
| 20 | "Вангел Николоски" | 53 |
| 21 | "Спас Банџов" | 84 |
| 22 | "Славеј Планина" | 225 |
| 23 | "Нас. Бејбунар" | 221 |
| 24 | "Малесија" | 21 |
| 25 | "Мите Богоевски" | 3 |
| 26 | "8-ми Септември" | 155 |
| 27 | "Лазо Трпоски" | 212 |
| 28 | "Ванчо Питошески" | 168 |
| 29 | "Карпош Војвода" | 330 |
| 30 | "Сирма Војвода" | 490 |
| 31 | "Билјанини Извори" | 13 |
| 32 | "Мирче Ацев" | 266 |
| 33 | "Даме Груев" - дел | 446 |
| 34 | "Јане Сандански" | 504 |
| 35 | "Андреа Јованоски" | 71 |
| 36 | "Дебарца" | 24 |

**Динамика на подигнување комунален отпад од приградските населби:**

| р.бр. | приградска населба | Денови | број на корисници |
|---|---|---|---|
| 1 | с.Подмолје | понеделник и четврток | 157 |
| 2 | с.Лескоец | понеделник; четврток | 813 |
| 3 | с.Пештани | вторник; петок | 436 |
| 4 | с.Елшани | вторник-петок | 164 |
| 5 | нас.Елешец | вторник; петок | 73 |
| 6 | нас.Лагадин | вторник; петок | 171 |
| 7 | нас.Долно Коњско | вторник; петок | 151 |
| 8 | нас.Исток | вторник; петок | 45 |
| 9 | нас.Св.Стефан | вторник; петок | 104 |
| 10 | с.Велгошти | вторник; петок | 694 |
| 11 | с.Горно Лакочереј | вторник-петок | 133 |
| 12 | с.Долно Лакочереј | вторник-петок | 169 |
| 13 | с.Опеница | среда | 32 |
| 14 | с.Рача | среда; сабота | 325 |
| 15 | с.Косел | среда; сабота | 178 |
| 16 | с.Ливоишта | среда-сабота | 52 |
| 17 | с.Вапила | среда-сабота | 49 |
| 18 | с.Куратица | среда-сабота | 106 |
| 19 | с.Орман | среда-сабота | 34 |
| 20 | с. Љубаништа и Св.Наум | среда; петок; недела (летен период) | 233 |
| 21 | с.Трпејца | среда; петок; недела (летен период) | 131 |
| 22 | с.Велестово | по повик | 52 |

- **Одделение "Депонии"**

*Одделението Депонии* ги одржува депониите "Буково" и "Мауцхер". На депонија "Буково" се депонира комунален отпад од домаќинства и правни субјекти кој се подигнува од територијата на Општина Охрид, а на депонија "Мауцхер" се депонира цврст отпад.

Во текот на 2016 год. на депонија "Буково" се депонирани 275.599,5м3 комунален отпад од домаќинства и правни лица, од кои 8537,6м3 комунален отпад (услуга по контејнер), 335,5м3 индустриски неопасен отпад (услуга по контејнер) И 237,97 м3 уништени производи.

Во текот на Јануари – Декември 2016 год. на депонија "Мауцкер" се депонирани вкупно 8709.6м3 градежен шут и кабаст отпад:

- од кои депонирани од ЈП Охридски Комуналец 1755 м3 ( градежен шут - 818 м3 , земја,песок,камен,муљ- 548.5 м3",кабаст 388.5м3 )

-депонирани од страна на правни и физички лица 8709.6 м3 градежен шут (фактура - 5764.6 м3, со фискална на лице место - 1190 м3)

Исто така во овој период подигнат е зелен отпад во количина од 1085,5 м3 кој понатака се користи за компостирање.

Во продолжение е даден преглед на подигнати и депонирани количини на разновиден комунален отпад на територијата на општина Охрид

Извештај
за пренесен отпад за 2016

| | | | | | | | | | | | | Депонија Мауцкер | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Собирање комунален отпад со возила | | Шут | Кабаст отпад | Зелен отпад | Земја Песок Камен, Муљ | Комунален отпад - правни субјекти | индустриски отпад - правни субјекти | Уништување отпад Буково | хартија | пластика | фекалии | Депонија Мауцкер - ВКУПНО депонирано од ЈП Охридски Комуналец шут,кабаст земја,песок,муљ | | Депонија Мауцкер - ШУТ од правни, физички лица (фискална) | Депонија Мауцкер - ШУТ од правни лица (ф-ра) | Депонија Мауцкер - ВКУПНО |
| месец | m3 | t | m3 | m3 | m3 | м3 | m3 | m3 | м3 | Кг | Кг | м3 | м3 | | м3 | м3 | м3 |
| јануари | 19153 | 1532,2 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 317 | 32 | 47,9 | 0 | | | 0 | | 8 | 0 | 8 |
| февруари | 16753 | 1340,2 | 9 | 0 | 4,00 | 26,5 | 336 | 29 | 0 | 0 | | | 35,5 | | 0 | 0 | 35,5 |
| март | 19992,5 | 1599,4 | 183 | 49 | 278,50 | 98,5 | 418 | 21 | 25,9 | 0 | | | 330,5 | | 0 | 0 | 330,5 |
| април | 20683 | 1654,6 | 21 | 0 | 0,00 | 336 | 348 | 16 | 6,6 | 5060 | | | 357 | | 210 | 5454 | 6021 |
| мај | 22168,5 | 1773,5 | 86 | 50 | 113,00 | 58,5 | 379 | 40,5 | 1 | 13100 | | | 194,5 | | 0 | 0 | 194,5 |
| јуни | 21355 | 1708,4 | 121 | 90 | 149,00 | 24,5 | 400 | 18 | 32,7 | 21760 | | | 235,5 | | 84 | 0 | 319,5 |
| јули | 28474 | 2277,9 | 4 | 0 | 80,00 | 0 | 979 | 20 | 22 | 0 | | | 4 | | 174 | 39 | 217 |
| август | 30623 | 2449,8 | 4 | 8 | 0,00 | 0 | 1622,7 | 22 | 19,5 | 10150 | | | 12 | | 130 | 23,6 | 165,6 |
| септември | 25418,5 | 2033,5 | 112 | 72 | 116,00 | 4,5 | 1850,4 | 27 | 10,5 | 12030 | | | 188,5 | | 275 | 97 | 560,5 |
| октомври | 24992 | 1999,4 | 129 | 88,5 | 125,00 | 0 | 979,2 | 46 | 36,3 | 19324 | | | 217,5 | | 143 | 91,5 | 452 |
| ноември | 23562 | 1885,0 | 149 | 31 | 220,00 | 0 | 493,2 | 31 | 12,4 | 9894 | | | 180 | | 106 | 59,5 | 345,5 |
| декември | 22425 | 1794,0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 414,9 | 33 | 23,57 | 0 | | | 0 | | 60 | 0 | 60 |
| **вкупно** | **275599,5** | **22048,0** | **818** | **388,5** | **1085,50** | **548,5** | **8537,6** | **335,5** | **237,97** | **91318** | | | **1755** | | **1190** | **5764,6** | **8709,6** |
| | m3 | t | m3 | m3 | m3 | m3 | m3 | m3 | м3 | Кг | Кг | м3 | м3 | | м3 | м3 | м3 |
| | Собирање ѓубре со возила | | Шут | Кабаст отпад | Зелен отпад | Земја Песок | правни субјекти | индустриски отпад | Уништување отпад Буково | хартија | пластика | фекалии | Депонија Мауцкер - ВКУПНО депониран о од ЈП | | Депонија Мауцкер - ШУТ од правни, физички | Депонија Мауцкер - од други фирми | Депонија Мауцкер - ВКУПНО |

| |
|---|
| 1m3=80Кг |
| 1м3=(1/12.5) тони |
| 1м3=0,08 тони |

**Р.Е."Механизација"**

Со секојдневните задолженија и активности кои ги спроведува Р.Е."Механизација", истата претставува сервис за другите работни единици во склоп на Ј.П."Охридски Комуналец".

Р.Е."Механизација" обезбедува базични предуслови за функционирање на основните дејности на претпријатието со специјализираните возила и машини:

- 20 специјални возила за подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад;
- специјални машини: утоварач РД-13, комбиниран булдожер ФБ 100.2 и 1 специјални возила за метење метачки;
- една цистерна за миење улици;
- еден ФАП кипер
- едно камионче кипер со носивост од 2 тони (ТАМ);
- 1 Форд за транспорт на лица и опрема
- два трактори;
- специјално возило Пајак возило за подигање на возила;
- два ротациони посипувачи на сол и ризла за трактор;
- две "ЕПОХА" посипувач на сол и ризла за ФАП;
- три ножеви за чистење на снег за големи возила
- еден нож за чистење на снег за трактор
- три балирки за секундарни суровини.

Со овие основни средства Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид ги изведува основните дејности:

-собирање и транспорт на комунален цврст отпад од населението и индустријата и негово депонирање на депонија;

-одржување и уредување на депонија;

-миење на јавните сообраќајни површини;

-чистење на снег во зимски услови и посипување со сол и абразивни средства на сообраќајници во градот и околината;

-извршување на работа со градежни машини за сопствени машини за сопствени потреби и услуги на правни и физички лица .

-помага при регулирање на сообраќајот во градот Охрид како и отстранување на неправилно паркирани возила и друго со специјално возило Пајак;

-одржување на моторните возила од сопствениот возен парк и ремонтирање на мотори;

- во текот на Јануари – Декември 2016 год. браварска работилница се извршуваше редовно одржување на возила (поправка на брани, ауспуси, ладилници, федер платна и др.) и поправка на контејнери;

- извршува работи по барање на локална самоуправа( поправка на канделабри, изработка на разни огради)

- работи од осигурување и регистрација на возила;

## Р.Е."Паркови и зеленило"

Работната единица "Паркови и зеленило" е организирана во две одделенија:

-Расадник со производство
-Паркови и зеленило

**Одделение Расадник со производство**

- изработени зимски резници и нивно затрапување бр. 500;
- засадено семе за сезонско цвеќе бр. 80.000;
- пикиран расад од сезонско цвеќе бр. 80.000;
- изработени летни резници бр.13.000;
- изработка на 300 жардињери за проект "Цветен Охрид 2016г";
- Производство на декоративен саден материал во контејнери 4.000 бр;
- одгледување и одржување на школувани и контејнерски садници ;
- изработка и изведување на хортикултурни решенија;
- изработена на плодна градинарска земја за садење 500 м3;
- Плевење и полевање на декоративниот саден материјал;
- Производство на височко цвеке -сардела 400 бр.;
- изработен компост 100м3;
- третиран био(зелен)-отпад 250м3;

Одржување на парковски и зелена површина од 72.665 $м^2$ . Редовно се одржуваат дрворедите,жардиниери, тревните површини цветни леи, леи со трендафили и зеленило по улици и населби (косење, полевање, прашење, прихрана, кастрење, кроење-режење, засадување со сезонско цвеќе два пати годишно,чистење на тревниците од лист хартија и отпадоци, како и одржување на дендролошкиот материјал во парковите и зелените површини на територијата на Општина Охрид;

Косење и чистење од обрасната трева, неуредна вегетација и гранки од тротоари, улици и локални патишта во сите градски, приградски населби и села на територија на Општина Охрид;

(*редовните активности се работни задачи кои ги одредува советот при Општина Охрид во годишна програма за работа на Р.Е. Паркови и зеленило*).

За извршувањето на редовните активности во изминатата 2016 год. се изработени 12 ситуации одделно за тековните месеци и истите редовно се доставувани до Одделението за животна средина и управување со отпад при Општина Охрид.

Покрај редовните активности екипите на Р.Е."Паркови и зеленило" во изминатиот период извршија и голем број вонредни активности кои имаа

позитивно влијание за подигнување на нивото на уредени градски паркови, градско зеленило и унапредување на животната средина.

- **Вонредни активности на Р.Е. Паркови и зеленило**

- Кастрење на прераснати и суви дрва и гранки во општински градинки;
- Чистење на пат од обрасната вегетација с.Велгошти-ул."15-Корпус";
- Чистење на пат од обрасната вегетација на магистрала до село Завој;
- Активно учество во зимско одржување;
- Чистење и одржување на зеленилото од просторот околу антички театар;
- Хортикултурно уредување на плоштад во с.Љубаништа;
- Хортикултурно уредување на втор дел од рекреативна патека -Студенчишта;
- Хортикултурно уредување на дел од зелен појас на "Булевар Туристичка на влез од Охрид каде што беа одстранети металните банкини;
- Уредување крошни на дрва во О.У. "Христо Узунов"
- Чистење на тротоари на ул. "7- ми Ноември" од трева и наноси на земја;
- Хортикултурно уредување на кружен тек на "Булевар Туристичка" кај Охридска банка;
- Реализација на последната фаза од поставување на декоративни штитници и систем за наводнување на дрворед ул. "Димитар Влахов";
- Кастрење на гранки од дрвореди на "Булевар Туристичка" кои сметаа за слободно движење на пешаци, формирање на крошни и прегледност во сообраќајот;
- Прихрана на сите дрвореди, тревници и цветни леи во Општина Охрид со вештачко губриво;

- Сечење на дрва и гранки кои беа оштетени од снежните врнежи и ветар на дел од охридското кале, градски парк и населби;
- Сеење на семе за цвека- реколта лето 2016- 40000 семки;
- Пресадување на 1500 контејнерските садници;
- Сервис на парковска механизација (тримери,косачки,ножици за жива ограда и пумпи за наводнување);
- Чистење на дел од улиците на охридското кале од надвисната вегетација, суви дрва и гранки: ул. "Св. Кирил и Методиј", ул "Коста Абраш" и ул. "Илинденска";
- Започнување со хортикултурни активности и поставување на систем за наводнување на потегот-зелен појас на магистрала Охрид-Св. Наум;
- Обновување на жардињери на "Булевар Туристичка" и ул. Железничка со нови 100 зимзелени садници";
- Украсување на бродови и пристаниште за празник Водици;
- Кастрење крошни на дрворед од ул. "Живко Чинго";
- Заменување и обновување на сите садници во градски парк кои беа оштетени од снежно невреме;
- Чистење на пат од обрасната вегетација Видобишта-Велгошти;
- Хортикултурно уредување на плоштад во с.Љубаништа;
- Чистење на дел од р.Велгошка од обрасната вегетација;
- Хортикултурно уредување на кружен тек "Булевар Туристичка" со ул. "Јане Сандански";
- Хортикултурно уредување на кружен тек "Булевар Туристичка" со ул. "Абас Емин";
- Хортикултурно уредување на зелен појас ул."Ариф Мустафа";
- Хортикултурно уредување на зелен појас ул."Аџи Мустафа";

- Хортикултурно уредување на дел од тротоар на сообраќајна клучка Петља;
- Прихрана на  сите дрвореди, тревници и цветни леи во Општина Охрид со вештачко губриво;
- Обновување на  жардињери на "Булевар Туристичка" и ул. "Железничка" со нови зимзелени садници;
- Косење и чистење од неуредна вегетација  во с.Трпејца, Рача, Пештани, Населба Исток и Коњско;
- Чистење на пат од одморалиште Орце Николов до Кардиолошки  Завод од трева, капини и суви гранки;
- Чистење од обрасната вегетација кај Саат Кула, дел од ул. "Григор Прличев" и ул."Илинденска";
- Демонтирање и монтирање на дел од новогодишни украси во градски парк, улици и кружни текови;
- Активно учество на целата работна единица  со работници и механизација во зимското одржување;
- Кастрење на гранки од дрвореди на "Бул.Туристичка" кои сметаа за слободно движење, формирање на крошни и прегледност на сообраќајни знаци;
- Сеење на семе за цвека- реколта лето 2016;
- Пресадување на 2000 контејнерските садници;
- Сервис на парковска механизација(тримери,косачки,ножици за жива ограда и пумпи за наводнување);
- Произведени 60.000 садници сезонско цвеке пролет-лето;
- Произведени 20.000 садници сезонско цвеке есен-зима;
- Замена на декоративни садници кои беа исушени или оштетени по кружни токови, жардиниери и градски парк околу 300 декоративни садници;
- Кастрење на гранки од дрвореди ул. "Питу Гули", "Јане Сандански", и "Македонски Просветители" кои сметаа за слободно движење на пешаците, слободно движење на панорамски двокатен автобус и прегледност на сообраќајни знаци;

- Косење на детски игралишта Гимназија, ул. "Крали Марко", "Булевар Туристичка", Холандски Парк и Видобишта, населба Бараки, улица "Јане Сандански";
- Чистење гранки трева и капини на потегот од населба Видобишта до с. Велгошти;
- Кроење на грмушки на ул. "Туристичка" и улица Железничка";
- Косење од мост покрај канал Билјанини Извори и од мост до хотел Парк;
- Косење на тротоари и улици низ населби Гоце Делчев-бараки, населба Христо Узунов, населба Даљан, населба Исток, населба Билјанини Извори с. Велгошти, Пештани, Трпејца, Коњско, Лекоец;
- Спроведување на проектот Охрид град на цвекето 2016год. заедно со Општина Охрид;
- Посадени и поделени 300 жардињери со сезонско цвеке;
- Сеење на семе за мегу реколта цвека 2016;
- Плевење и полевање на декоративниот саден материјал;
- Хортикултурни услуги;
- Сечење на неколку стебла на охридското кале од багреми, јасени и борови кои беа суви и оштетени;
- Воведување на втора и трета смена за наводнување;
- Редовно одржување (наводнување, прихрана, окопување и плевење) на дрвореди;
- ул."Димитар Влахов", "Булевар Туристичка"-Пазар и улица Партизанска;
- Производство на градинарска земја и компост;
- Извршување на повеке работни налози од Општински инспекторат за чистење и средување на површини кои беа обраснати со капини, плевел, висока трева и суви дрва и грмушки;

- Чистење на речно корито на река Сушица (косење и сечење на обрасната вегетација по речно корито);
- Чистење на пат од с. Лескоец до с. Скребатно (косење и сечење на обрасната вегетација по селски пат);
- Чистење на пат од влез на касарна до село Лакочереј (косење и сечење на обрасната вегетација );
- Плевење и полевање на декоративниот саден материјал во расадникот;
- Хортикултурни услуги и одржување на средни и основни училишта пред почеток на школската година 2016-2017год.;
- Одржување на локален пат од магистрала до с.Завој (косење на обрасната трева, капини и друга вегетација и сечење на надвиснати гранки над патот);
- Одржување на локален пат од с.Косел до с.Вапила косење на обрасната трева, капини и сечење на надвиснати гранки над патот);
- Одржување на локален пат од с.Вапила до с.Ливоишта (косење на обрасната трева, капини и сечење на надвиснати гранки над патот);
- Одржување на локален пат од с.Куратица (косење на обрасната трева, капини и сечење на надвиснати гранки над патот);
- Чистење на тротоари од трева и земја на улици : ул. 7-ми Ноември;
- Чистење на дел од улиците на охридското кале од надвисната вегетација ,суви дрва и гранки: ул. "Гоце Делчев",

  улица "Св. Кирил и Методиј", простор пред црква Св.Богородица Перивлепта;
- Украсување на бродови и пристаниште за празник Водици;
- Активно учество во проектот на владата на Р.М. Македонија - Ден на дрвото;
- Чистење на патот во с.Лескоец до црква Св. Наум;
- Засадување на 200 палми на охридската ривиера;

- Замена на оштетен  и сув саден материјал и плевење и наводнување на жардинјера на ул." Железничка";
- Изработка на резници за декоративен саден материјал за производство 2016 изработени околу 15000 резници;
- Пресадување на декоративниот саден материјал од бетонски леи во саксии реколта 2016;
- Чистење школо О.У."Живко Чинго" (гранки , капини, трева);
- Засадувањее на есенско-сезонско цвеке хризантема на повеке локации;
- Чистење на пат од "15-Корпус" до с.Велгошти од обрасната вегетација;
- Плевење и наводнување на жардинјера на ул. "Железничка";
- Чистење на улица "Крум Точков" од капини и надрасната вегетација;
- Чистење на локален пат с.Орман до с. Лакочереј;
- Чистење на речни корита и канали од гранки суви дрва и обрасната вегетација на територија на општина Охрид;
- Чистење на речно корито на реката во с. Љубаништа;
- Уредување на крошните од дрворедот од албиција по кеј Македонија;
- Заменување и обновување на сите садници во градски парк кои беа оштетени;
- Чистење на Населба Исток од неуредна вегетација од капини, трева и суви гранки покрај пат;
- Чистење на  речно корито на ул. "Мирка Гинова" од прерастена вегетација ;
- Чистење на пат од с.Лакочереј до манастир Св.Спас од неуредна вегетација;
- Чистење гранки трева и капини на потегот од нас. Видобишта до с. Велгошти;

- Чистење на простор од обрасната и неуредна вегетација околу црква Св."Богородица Перивлепта";
- Хортикултурно уредување простор околу подземни контејнери во центарот на градот;
- Заштита на новите садници палми од ниски температури со јутени вреќи;

- **Сектор за финансиско работење**

Во овој сектор свое место имаат повеќе одделенија:

- Одделение за сметководство каде секојдневно се ажурираат и книжат влезни и излезни фактури, се следат промените , се книжат уплати по разно основи, се вршат усогласувања со доверители и добавувачи; евиденција на основни средства и нивна амортизација, приготвување на месечна плата со ажурирање на задршки , административна забрана, доставување на МПИН образец до Управата за јавни приходи, месечна пресметка на ДДВ со електронска достава на образец, изготвување на касови извештаи, евиденција на евидентни листови и фискални каси, евиденција на приемници и испратници во материјалната аналитика со централна евиденција од другите работни единици;

- Одделение за АОП каде се изготвуваат опомени пред тужба за физички и правни лица по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад, се изготвуваат месечни ,квартални , полугодишни и годишни финансиски извештаи и анализа на истите, се изготвуваат каматни листи, дневна евиденција и ажурирање на фицијалната електронска пошта , изготовка на месечен преглед за трајни налози, изготвување фактури по основ вонредно чистење, фактури за урбана опрема и фактури по основ закуп на деловни простории , изготвување на програми и проекти , електронска достава на месечни сметки и фактури, контрола на плаќањата по склучените Договори на рати, сетирање,контрола и ажурирање на информационите ресурси на претпријатието (хардвер, софтвер, мрежа, податоци) и др.;

- Одделение за Наплата во кое се врши наплата на средства по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад, книжење на стигнати уплати, печатење сметки и фактури за физички и мали правни лица.

-Одделение за Јавни набавки работи според План за јавни набавки, изготвува План за јавни набавки во зависност од обемот и предвидената динамика на набавките по предходно доставен план од раководителите на работните единици во претпријатието, врши истражување на пазарот за понудата и цените на определени производи, спецификации на материјали, т.е информации потребни за спроведување на набавка, објавува јавни повици и склучува договори со понудувачите, магацинско работење од требовање за набавка на материјали ,евидентирање на нивниот прием во

магацин и издавање на материјал со испратници за сите работни единици, ажурирање и евиденција на сите потребни документи поврзани со јавните набавки.

- **Сектор за правни, кадрови и општи работи**

Во рамките на Секторот за општи и правни работи во текот на 2016 година се работеше и постапуваше во согласност со одредбите на Законот за јавни претпријатија, Колективниот договор за комунални дејности, Законот за работни односи, Законот за јавни набавки, Законот за парнична постапка, Законот за извршна постапка, Законот за облигациони односи и другите позитивни законски прописи кои се однесуваат за работењето на јавните претпријатија како и според Програмата за работа на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид за 2016 година.

Во делот за меѓусебните односи помеѓу ЈП"Охридски Комуналец" и други правни и физички лица склучувани се разни видови на договори, во зависност од областа која се уредува со договорот.

**ДОГОВОРИ**

1.Договори за вонредно чистење на улиците од градежен шут ___ 37 договори
2.Договори за јавни набавки ________________________________40 договори
3.Договори за плажи, хотели, кампови _______________________ 11 договори
4.Договори за урбана опрема ________________________________46 договори
5.Договори за закуп ______________________________________ 5 договори
6.Договори за презентации, концерти _________________________ 6 договори
7.Договори за тезги ( сувенири, ракотворби, сладоледи) ________ 15 договори
8.Договори за услуги _____________________________________ 10 договори
9.Договори за одложено плаќање ___________________________ 37 договори
10.Договори за канти за отпад ______________________________ 95 договори

* Во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година одржани се 12 седници на Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид и 8 седници на Надзорниот Одбор за контрола на матерјално-финансиско работење.

Овој Сектор активно учествуваше во следењето на овие седници и изготвуваше записници, одлуки, заклучоци и други акти кои произлегуваа од одржаните седници.

## ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

*Секторот изготвуваше писма, дописи и останата секојдневна коресподенција со надворешни правни и физички лица.

*Секторот за општи и правни работи во текот на 2016 година по барање на службите и менаџерскиот тим, изготвуваше извештаи, информации, планови, програми во рамките на делокругот на своето работење.

* Изготвен е нов Правилник за внатрешна организација и систематизација на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид согласно Законот за вработените во јавниот сектор

## РАБОТНИ ОДНОСИ

Работните односи се во рамките на одделението за човечки ресурси, кое одделение извршува вообичаени активности поврзани со службеничките односи како што се вработувањето, учењето и развојот, напредувањето, работните односи, изготвување на општи акти, водење на кадрова евиденција, технички работи околу прием на работници и сл. Се реализира целата постапка околу пријавување и одјавување на работници, се води матична книга на вработените, се изготвува документација за остварување на правото за пензија, се изготвуваат работни налози за плата за вработените во овој сектор, се води евиденција за распоредот и користењето на годишните одмори кај вработените, се изготвуваат Договори за вработување и слично, а сето тоа врз основа на Законот за работни односи, Колективниот договор на РМ, Колективниот договор и Статутот на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид.

## ПРЕДЛОЗИ (Тужби) и Барања за извршување

Во рамките на овој Сектор, за корисниците на услуги на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид кои навремено не го измируваат својот долг за извршените услуги, се изготвија голем број правни акти. До надлежни Нотари доставени се 88 Предлози за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа(Тужби),а согласно претходно доставени податоци за тужење од страна на Секторот за сметководство и тоа 29 Предлози за физички лица и 59 Предлози за правни лица. До надлежни извршители поднесени се 117 Барања за извршување.

Во текот на 2016 година од страна на овој сектор изготвувани се бројни одговори на тужби, жалби, приговори и сите потребни поднесоци во врска со предметите кои се водат пред надлежните судови а се во врска со Нашето претпријатие.

**Охрид,**
**февруари, 2017 год.**

**Ј.П. "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД**
**В.Д. Директор**
**дипл.ек. Елена Скрческа**



50